Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

## Член 1

Во Одлука за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/2019, 92/2020 и 95/2020), во член 1 ставот 1 се менува и гласи:

„Распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа се утврдува со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот , а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.“.

Ставот 2 се брише.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 2 и 3.

## Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-3321/1**
**22 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**